Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-219/13
30.09 2026 год.
Тетово

Врз основа на член 514 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово на седницата одржана на ден 30.09.2026 година ја донесе следната:

ОДЛУКА
за овластување на лице за спроведување на преобразба
пред Централен Регистар на РСМ

Член 1

Се овластува Управителот на Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово односно лицето Сашо Босилков со стан на ул.Леринска бр.57Д/1-7 Скопје – Карпош, да ополномошти регистрационен агент кој ќе ја спроведе постапката за преобразба на Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово во Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ ДОО Тетово пред Централен регистар на Република Северна Македонија.

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила од денот на нејзиното донесување.

ЖИТО ПОЛОГ АД Тетово

Претседавач на Собранието

_____